Совет на Општина Делчево
Број 09- 1973/2
30.09.2022 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 14.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 30.09.2022 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 14:05 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево, кој за 14.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 13. Седница

1.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година за период од 01.01.2022 до 27.07.2022 година со Заклучок за усвојување;

2.Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

**Образлагач**: По точките 1 и 2- Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци.

3.Предлог-Одлука за давање согласност на Правилниот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Образлагач**: Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

4.Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Лејла Анакиевска-Командир на Полициска станица од општа надлежност.

5.Годишен извештај за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2021/2022 со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „ Св.Климент Охридски“-Делчево“.

6.Дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

7. Предлог-Одлука за заверка на Предлог-Детален урбанистички план донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2022 година;

**Образлагач:** По точките 6 и 7-Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

8. Дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево за 2022 година;
**Образлагач**: Андријана Соколовска-помлад соработник за уредување на градежно земјиште
9.Предлог-Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет

на Општина Делчево;

**Образлагач**: Милица Стојковска-Овластен службеник за млади од Општина Делчево.

10.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за регулиран период 2022-2024;
11. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница"-Делчево за регулиран период 2022-2024 година;
**Образлагач:** По точките 10 и 11-Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.

12. Предлог-Решение за избор на чен на Комисијата за јавни дејности;

13. Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата;

14. Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата;

15.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Жикица Стоилова;

16. Предлог-Одлука за финансиски средства на Викторија Десподова од Делчево;

**Образлагач:** По точките 12, 13,14,15 и 16-Гоце Попов-претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата.

17.Предлог-Одлука за кофинансирање и давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Делчево за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" согласно Договорот за заем од Европската инвестициона банка.

**Образлагач**: Тони Вангеловски-Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

18. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој побара точката 7. Предлог-Одлука за заверка на Предлог-Детален урбанистички план донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2022 година, да биде симната од дневен ред согласно член 61 став 1 точка 2 од Деловникот бидејќи на 23.09.2022 година, до Секторот за урбанизам, поднел писмено Барање како член на Советот да му биде овозможен увид во целокупната документација во врска со оваа точка. Тоа го побарал од причини што сакал да биде запознаен дали станува збор за истиот детален

урбанистички план и да биде спремен за денешната седница. Но, како што речеток, до денеска не му било доставено ништо од Секторот за урбанизам и не му бил овозможен увид во документацијата поврзана со овој план.

Исто така, тој побара и дополнување на дневниот ред со точка Предлог-одлука за формирање на Комисија за изработка на физибилити студија за формирање на ЈП за производство на електрична енергија, која заедно со Иницијативата е доставена до градоначалникот и претседателот на Советот.

Претседателот на Советот даде појаснување дека оваа одлука се однесува на веќе донесен план од претходен состав на Совет со која се овластува претседателот на Советот да го потпише и го праша Т.Стаменковски дали барањето што тој го доставил до Секторот за урбанизам се однесува на истиот план. Откако членот на Советот потврди дека се однесува на истиот план, претседателот на Советот му рече дека неговиот предлог за симнување на точка 7 ќе биде ставен на гласање.

Во врска со вториот предлог за дополнување на дневниот ред со точка Предлог-одлука за формирање на Комисија за изработка на физибилити студија за формирање на ЈП за производство на електрична енергија, тој рече дека советникот ќе треба да ја образложи итноста на точката.

Тони Стаменковски рече дека во услови на економска и енергетска криза единствен спас за општината е Предлог-одлука за формирање на Комисија за изработка на физибилити студија за формирање на ЈП за производство на електрична енергија. Исто така документацијата/копија од електрични сметки од Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“ за последниот месец кои се енормно високи се причина за итноста на оваа точка и на оваа иницијатива. Имено, зголемувањето на цената е поради енормно зголемување на фактурите за електрична енергија на ЈКП „Брегалница“ Делчево за повеќе од 10 пати или за месец август 1. 432. 753 денари. Во продолжение тој направи споредба на сметките за електрична енергија на ЈКП „Брегалница“ и Општина Делчево:ЈКП „Брегалница“ Делчево:сметка за ел.енергија месец јануари – 140. 617 денари, а во август сметката за ел.енергија е 1. 432. 753 денари.Додека,пак, во Општина Делчево-за улично осветлување сметката за ел.енергија за месец јануари е 135.751 денари, а сметката за ел.енергија за август е 821. 630 денари.Во Општина Делчево сметката во административната зграда за месец јануари е 56. 154 денари, а за август 306 175 денари. Факт е дека состојбата со сметките е алармантна. Оваа иницијатива е со цел да не дојдат Општината и ЈП во финансиски колапс. Факт е дека ЈП ќе биде во добивка и инвестицијата ќе се исплати за 12 месеци.Со формирање на ова Јавно Претпријатие (ЈП) за производство и продажба на електрична енергија се отвара можност општината да остварува приход, со што за краток период ќе го амортизира финансискиот удар од високата цена на струјата, а на долг план, со добро менаџирање на ЈП, да остварува и финансиска добивка, која би ја инвестирала во подобрување на условите за живот на жителите.Во првата фаза, првична цел на овие ЈП е да изградат фотоволтаични централи на сите поволни локации (кровови на училишта, градинки, општински згради, спортски сали итн.) кои ги стопанисува општината чиј основач е. Во втората фаза треба да се инвестира во производствени капацитети за електрична енергија на поволни локации во рамките на територијата на општините, со што ќе го зголеми потенцијалот за развој на општинско ниво

и ќе претставуваат енергетски независни општини. Додека во трета и последна фаза, ова ЈП самостојно би вршело снабдување со електрична енергија на Општината и нејзините институции, јавните претпријатија основани од општината и други потрошувачи. Од сите напред наведени причини, барам оваа дневниот ред да се дополни со оваа точка, рече Т.Стаменковски.

Претседателот на Советот рече дека Иницијативата е доставена до него како претседател на Совет, согласно член 149 од Деловникот истата е доставена од страна на претседателот до градоначалникот на Општината заради мислење. Бидејќи се уште нема мислење од градоначалникот, иницијативата заедно со мислењето не се ставени на дневен ред на оваа седница од причини што така е предвидено во самиот Деловник. Кога ќе биде доставено мислење од градоначалникот и повторната иницијативата и мислењето ќе бидат ставени на дневен ред .Повторната иницијатива за донесување на одлука се претресува на седница на Советот, заедно со мислењето на градоначалникот. Откако ќе ја разгледа повторната иницијатива, Советот може со заклучок да го задолжи градоначалникот да изготви и поднесе предлог на одлука. За ставот што ќе го заземе по повторната иницијатива за донесување на одлука, Советот ќе го извести подносителот на иницијативата. Таква е процедурата пропишана во Деловникот. Да го ставам на гласање вашиот предлог за дополнување на дневниот ред, треба да го прекршам Деловникот како прво, а како второ дали имате претстава колку средства ќе бидат потребни за формирање на тоа ЈП за производство на електрична енергија, дали сте направиле проценка колку сето тоа ќе ја чини општината? Во буџетот не се предвидени средства за формирање на ново јавно претпријатие, не ме така. Секоја одлука која бара финансиски средства, мора да има извор на средства, колку и од каде. Во прилог на Иницијативата Вие имате доставено и Предлог-Одлука за формирање на Комисија за изработка на физибилити студија за формирање на ЈП за производство на електрична енергија која е терк изработен од една политичка партија. Ние како советници можеме да даваме предлози, иницијативи,ама не и да изработуваме одлуки, значи затоа се чека мислење од градоначалникот, за изработка на одлуките надлежна е општинската администрација. Треба да работиме почитувајќи го Деловникот, рече Г.Попов-претседател на Совет.

Тони Стаменковски рече дека Општина Центар веќе ја има донесено одлуката за формирање на јавно претпријатие.

Претседателот на Советот рече дека ја има кај него одлуката од општина Центар и е запознаен оти општина Центар ја има донесено одлуката. Тој го праша членот на Советот дали предлогот за дополнување на дневниот ред е предлог-одлука за формирање на ЈП за производство на електрична енергија или предлог-одлука за формирање на Комисија за изработка на физибилити студија за формирање на ЈП за производство на електрична енергија?

Т. Стаменковски рече дека предлогот за дополнување на дневниот ред е Предлог-одлука за  изработка на физибилити студија за формирање на ЈП за производство на електрична енергија и го предлага како итна точка бидејќи иницијативата што била доставена од негова страна се уште не е доставена на Одделението за ЛЕР како што е наведено во самата иницијатива и непотребно се губи време.

Претседателот на Советот рече дека согласно член 149 од Деловникот се чека мислење од градоначалникот, но ете поради итноста предлогот ќе го стави на гласање. Инаку, истакна тој, и јас имам поднесено иницијатива за заживување на Голак со 6 предлог-точки, но чекам мислење од градоначалникот. Сите треба да го почитуваме Деловникот, Советот треба да работи согласно Деловникот, а не да исполнуваме лични желби,рече тој.

Иван Гоцевски како координатор на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ рече дека тие бараат точките под реден број 10 и 11 Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 и Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 година да бидат симнати од дневен ред бидејќи според него во услови на инфлаторна и енергетска криза и секојдневно покачување на цените на сите производи и услуги,со овие одлуки директно на удар ќе бидат граѓаните. Сметките за комунални услуги ќе им бидат покачени за 11 денари/м3. Тој рече дека се надева на поддршка од сите членови на Советот и нагласи дека постојаното покачување на цената на водата и комуналните услуги не беше во Програмата на СДСМ и коалицијата за живот во Македонија.

Сашко Ивановски предложи дневниот ред да се дополни со предлог-одлука за состојбата со уличното осветлување. Својот предлог тој го образложи со тоа што во последно време се случува прекин/гасење на уличното осветлување по 2 часа и покрај тоа што граѓаните плаќаат за јавно осветлување и праша како по која одлука се прави тоа. Тој истакна дека Советот има надлежност во тој дел, во смисла на утврдување на висината на таксата за улично осветлување и предложи да се направи реонизација и сеопфатна анализа, да се утврдат правила за во иднина. Доколку треба да се штеди да се дадат конкретни предлози.

Иван Гоцевски предложи дневниот ред за 14.седница да се дополни со 2 точки што тие како советничка група ги доставиле до претседателот на Советот и градоначалникот и тоа:

-Обезбедување на средства од Буџетот на Општина Делчево за санација/реконструкција на кровот на Спомен-домор АСНОМ;

- Иницијатива за формирање на заедница на станари на сите корисници на просториите во Спомен-домот АСНОМ: Општина Делчево, библиотеката, културниот дом, ресторани, кафичи и сл.) и да се дефинираат правата и обврските на сите со цел домаќинско стопанисување со најмаркантниот и најважниот објект за Општина Делчево кој е направен од самопридинес уште во Југославија.

Претседателот на Советот рече дека предлозите се добри, но не се од итен карактер и затоа истакна дека на дневен ред ќе бидат на наредна седница на Совет, заедно со иницијатива и мислење до градоначалникот доколку го има.

Зекир Абдулов имаше дополнителни прашања до членот на Советот, Тони Стаменковски во врска со иницијативата за формирање на ЈП за производство и продажба електрична енергија и го праша дали се обезбедени средства за таа намена, од каде и колку бидејќи тој во своето излагање спомнал средства во висина од 3000 евра од Европската комсија и рече дека Европската комисија не финансира проект со 3000 или 5000 евра, сите

се од 50.000 евра па нагоре, а според правилата потребно е 20% учество и на општината што и тоа како ќе има финансиски импликации врз буџетот на Општина Делчево.

Тони Стаменковски рече дека одлуката е за изработка на физибилити студија за формирање на ЈП за производство и продажба на струја. Ако од Буџетот на Општина Делчево се одделуваат 60% за плати на обемната општинска администрација, тогаш Општината може за формирање на тоа претпријатие даземе и заем/кредит. Значи задира во Буџетот, но инвестицијата е капитална и исплатлива, рече тој.

Кирил Тренчевски рече дека советникот Т.Стоименовски ја истакнала итноста за оваа точка, ама без финансиска конструкција не може да се носи одлука за формирање на јавно претпријатие. За да се формирате едно јавно претпријатие и да профункционира потребни се многу работи, пред се финансии, не е важна само итноста. Предлагам, да се скрати дискусијата, рече тој.

Дејан Георгиевски рече дека треба да се има посериозен пристап и посериозни дискусии во врска со оваа точка бидејќи станува збор за изработка на физобилити студија за формирање на ЈП за производство и продажба на струја. Без конкретни податоци, бројки, без истражување на пазарот и без финансиска конструкција невозможно е да се дискутира. Дискутираме паушално за едно на вистина комплексно прашање. Како што и Вие самите рековте, сето тоа предвидува три фази: првата-поставување на фотоволтаици на објектите на општината, училиштата и др. локални институции. Некои од нив веќе имаат поставено фотоволтаични панели. Втората фаза е дека Општината би требало да инвестира во производствени капацитети за производство на електрична енергија на повеќе локации и третата фаза-формирање на ЈП за производство на електрична енергија, рече Дејан Георгиевски.

Сашко Ивановски имаше реплика на дискусијата на Дејан Георгиевски и истакна дека

За збор се јави Сашко Ивановски

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека согласно Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот, секоја одлука за чие извршување се бараат средства мора да се наведе изворот на тие средства и висината. За формирање на едно јавно претпријатие треба да е направи точна анализа/пресметка за потребен број на вработени, простории, средства за плати и трошоци за комунални услуги. Лично јас како претседател на Совет, исто така имам поднесено Иницијатива за заживување на Голак, со 6 барања/точки и за секоја од нив имам направено и финансиска конструкција, но согласно Деловникот чекам одговор на Иницијативата, рече тој.

Тони Стаменковски

Иван Гоцевски реагираше процедурално и рече дека од дневниот ред и седницата на Советот се направило „пазар“ при што се занемарени двете најбитни точки (10 и 11). Ако иницијативата и точката треба да се стави на гласање, ставете ја, дали Општината е должна и колку е должна, не е вина на ниту еден од нас советниците. Досега можеби советниците не поднесувале иницијативи, сегашниот состав на Советот поднесува и тоа е за поздравување, ама од нашите досегашни иницијативи нема донесено ниту една одлука иако голем дел од нив се сосема во ред.

Гоце Попов рече дека е добро тоа што советниците се одважуваат и поднесуваат иницијативи, ама како се поднесуваат и на кој начин, е пропишано во Деловниот. Сите се

повикуваме на членот 149 ама никој не го почитува. Не може да се крши Деловникот за да се исполнуваат нечии желби. Конкретно за оваа Иницијатива јас како претседател не сум добил мислење од градоначалникот и како да ја ставам на дневен ред, треба да го прекршам Деловникот, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски рече ако е така, тогаш зошто непотребно се дискутира веќе половина час?

Претседателот на Советот рече дека дозволил дискусија по дневниот ред за оваа иницијатива бидејќи советникот ја образложил итноста и бидејќи не треба веднаш да се одбиваат иницијативите и предлозите на членовите на Советот, Советот затоа е тука да дебатира, ама со аргументи и факти и почитувајќи го Деловникот, а не паушално, истакна тој.

Тони Стаменковски рече дека доколку неговата Иницијатива не биде прифатена, тој ќе ја поднесува на секоја наредна седница.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправа по дневниот ред беше затворена.

На гласање беше ставен предлогот на Тони Стаменковски за дополнување на дневниот ред со точка-Предлог Одлука за изработка на физибилити срудија за формирање на ЈП за производство и продажба на електрична енергија.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред.

На гласање беше ставен предлогот за симнување на точка 7. . Предлог-Одлука за заверка на Предлог-Детален урбанистички план донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2022 година;

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот за симнување на точка 7 од дневниот ред.

На гласање беше ставен предлогот на С.Ивановски за дополнување на дневниот ред со точка за уличното осветлување.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред.

На гласање беше ставен и предлогот на Иван Гоцевски за симнување на точкуте 10 и 11.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред.

На гласање беше ставен предлог-дневниот ред за 14 седница.

Со 8 гласа “ЗА“ и 7 “ПРОТИВ“ дневниот ред беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по записникот од 13.седница.

Процедурално за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека на 13.седница била нарушена процедурата за гласање на точките 6,7 и 9 кои се однесувале на годишните планови за вработување на Општина Делчево и локалните институции, бидејќи на гласање биле ставани само предлозите на советниците, а не и предлог-годишните планови на самите институции, тоа го има и во записникот од сеницата.

Претседателот на Советот истакна дека кога еден предлог добие мнозинство, наредните предлози не се ставаат на гласање, а плановите биле ставани на гласање заедно со предлог-плановите за вработување, односно со предложените измени.

Сашко Ивановски рече дека на минатата седница кога на дневен ред биле Годишните планови за вработување на Општината и другите локални институции, од страна на претседателот бил прекршен Деловникот, бидејќи Советот гласал за измена на плановите без претходно да бидат ставени на гласање предлозите од членовите на Советот. Тој рече дека Советот не може да гласа за измена на годишните планови ако претходно не биле ставени на гласање и усвоени предлозите/забелешките од советниците. Тој рече дека кога претседателот дал пауза на тогашната седница, тој реагирал за тоа дека не е испочитувана процедурата.

Претседателот на Советот истакна дека на гласање биле ставани сите планови со предлозите дадени од членовите на Советот и годишните планови се усвоени со предлог-забелешкиите предложени од советниците на самата седница и сметам дека процедурата не е прекршена бидејќи предлогот со забелешките за сите планови го добил потребното мнозинство гласови. Значи, сите планови се усвоени со забелешките и не гледам ништо спорно во тоа, рече тој. Доколку сте сметале дека е пректшен Деловникот, требало да реагирате тогаш, кој член конкретно е прекршен? За во иднина секојпат кога ќе имате процедурална забелешка реагирајте веднаш, кажете која процедура или постапка е прекршена, според кој член од Деловникот за да видиме дали е така и да ја исправиме грешката ако ја има. Тоа важи за сите нас советници, рече претседателот. Ако сте реагирале на седницата, предлогот ќе бил ставен на гласање, а исходот ќе бил ист, верувајте.

Кирил Тренчевски рече дека на 13.седница при гласањето на сите планови претседателот убаво потенцираше дека на гласање се ставаат плановите со забелешките предложени од советниците.

Реплика на дискусијата на К.Тренчевски, имаше Сашко Ивановски кој рече дека предлогот на Марио Скакарски за ГПВ на Општина Делчево не бил ставен на гласање, а потоа се пристапило кон гласање на планот и рече дека со тоа е повредена постапката согласно Деловникот.

Претседателот на Советот повтори уште еднаш дека сите планови биле усвоени со забелешките и смета дека не е прекршен Деловникот, а доколку советникот смета дека е направена повреда на истиот, нека каже кој член од Деловникот е прекршен.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по Записникот од 13.седница беше ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 13.седница.

**Прва точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година за период од 01.01.2022 до 27.07.2022 година со Заклучок за усвојување;**

Точката ја образложи Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања која рече дека извршувањето на буџетот на општина Делчево за вториот квартал

2022 година, изнесува 46,6% односно од вкупно планираните приходи во износ од 293.601.385 ден. за вториот квартал се наплатени 136.930.202 денари.Од нив, во основниот буџет, од планирани 97.117.000 наплатени се 42.013.070 ден. или 43,2%.

Во буџетот на дотации од планирани 172.671.807 приходи наплатени се 83.501.114 или 48,3%, во буџетот на донации од планирани 5.274.578 наплатени се 3.768.162 ден. или 71,4% и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 12.838.000 наплатени се 3.450.543 денари или 27%

Ако се анализира основниот буџет ќе се види дека:

- даночните приходи се наплатени во износ од 19.454.406 ден. од вкупно планирани 44.053.000 ден. или 44%, најголема наплата е наплатата од даноци на имот и тоа во износ од 9.074.902, од даноци од специфични услуги во износ од 9.085.274 ден. (а тоа се сите видови на комунална такса, комунална такса за истакната фирма,1.297.428 ден., ком.такса за одржување на јавното осветлување во износ од 4.389.205 ден., комун.такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила што се плаќа при регистрација околу 572.313 денари, за надоместок за уредување на град.неизгр. земјиште во износ од 2.746.788 и др.помали износи на комунални такси) и такси за користење или дозволи за вршење на дејност во износ од 81.019 денари(надоместок за добивање лиценца за угостителска дејност во ноќен бар 71.119 и парични казни од комунални прекршоци 4.550).

Неданочните приходи се наплатени во износ од 855.392 ден. ден., од вкупно планирани 2.470.000 ден. (34,6%) и тоа се приходи од административни такси и надоместоци.

Капиталните приходи се наплатени во износ од 3.377.430 ден. од вкупно планирани 5.550.000 ден.или 61% а тоа се приходите од продажба на земјиште во износ од 2.111.832, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини 592.412 ден. надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-легализација во износ од 446.927ден. и приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, во износ од 226.259 денари.

Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 18.325.842 ден. од вкупно планираните 45.044.000 или 40,7% и тука спаѓаат средствата добиени по основ на дотации на општината од приходи од ДДВ 14.174.402 ден., како и трансфери од други нивоа на власт 2.000.000 и трансфери од буџетите на фондовите 2.151.440 ден.

Вкупните расходи се планирани во износ од 293.601.385 ден.

Од нив се реализирани 134.749.520 или 46%.

Ако го анализираме основниот буџет ќе видиме дека од вкупно планирани 97.117.000 ден. реализирани се 39.832.388 ден.или 41%.

На групата 40 реализирани се 14.245.972 ден. од вкупно планирани 31.454.000 ден. или 45,3 % во нив влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци.

На групата 42 реализирани се 11.502.064 ден. од вкупно планирани 19.285.000 или 59,6% (патни и дневни расходи,комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, горива и масла, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување,одржување на улици и патишта, договорни услуги и други расходи).

На група 45 планирани се 112.000 денари а реализирани 29.608, камата за странски кредити.

На група 46 планирани се 2.724.000 од кои се реализирани 563.216 ден.( до здруженија на граѓани 9.000 и до сп.клубови 100.000. и плаќање по судски решенија 63.280стипендии за млади таленти и стипендии за студенти 294.500 и разни трансфери 96.436 денари).

На група 47 од планирани 950.000 ден. реализирани се 543.774 ден.( новороденчиња 81.107 и 462.667 ден. еднократна парична помош).

И на крајот во група 48 влегуваат капиталните расходи кои се реализирани во износ од 12.021.436 ден. од планираните 40.424.000 и најголем дел од нив се исплатени за изградба на други објекти односно за изградба на градскиот пазар во износ од 4.687.205 ден.

Капиталните расходи се реализирани во износ од 12.021.436 или 29,7% и тоа се:
480
-Купување на канцелариска опрема 38.000 ден.
-Купување видео опрема (камера за снимање) 45.990
-купување опрема за греење 89.500 (3 клими за сервер)
482
-проекти за улици и патишта 634.275
-реконструкција на улици и патишта 487.630
-подготвување на проекти за други објекти 513.187
-изградба на други објекти 4.687.205 (градски пазар)
-надзор над изградба 228.661 ден.
-изградба на улици и патишта 2.286.331
-изградба на капацитет за водоснабдување 2.226.515

485
-Надомест за одземен имот 784.142
Доколку сакате подетално образложение по посебните програми, повелете со прашања, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека неговата дискусија е во два дела. Првиот дека буџетот има добар процент на реализација заклучно со вториот квартал, има доста висок % на реализација на повеќе ставки, а тоа значи домаќинско работење и добро планирање на Секторот за финансиски прашања и тоа се забележува во континуитет без разлика кој е градоначалник. Добрата реализација на буџетот, не е дело на градоначалникот туку на одговорниот за изготвување на буџетот. Вториот дел од е споредбена анализа на ставките за трансфери до НВО и СК и ставката за репрезентации на градоначалникот (или непродуктивни трошоци). Тој истакна дека е загрижувачки фактот што ставките со непродуктивни трошоци имаат поголем процент на реализација (репрезентации, патни и дневни) од ставката за трансфери до невладини организации и спортски клубови, нешто што подразбира развој, млади, спорт. Тој рече дека сака одговор на прашањето на кои сопртски клубови се исплатени средства и дали (согласно донесени одлуки од Советот) се исплатени средства на ФК „Брегалница“ и КК „Патриот“ иако мислам дека не се исплатени, според она што го гледам во извештајот, рече Иван Гоцевски.

Кирил Тренчевски имаше реплика на Иван Гоцевски и рече дека ФК „Брегалница“, ракометниот клуб, кошаркарскиот клуб „Патриот“ (Клубски) почнуваат со натпревари во септември, немаа натпревари за време на летниот период и сигурно немало исплата, па затоа процентот на реализација е таков каков што е. Сигурно реализацијата на таа ставка ќе се види на крајот на годината, рече тој.

Гоце Попов рече дека Советот има донесено одлуки за финансиска помош на некои клубови, за еден клуб работата беше дури и итна бидејќи средствата беа потребни за котизација за да може клубот да започне со натпреварувањето, а од друга страна нема исплата на средствата. Сами бевте сведоци дека пред почеток на седницата тука беше еден член на спортски клуб (КК „Патриот“) кој реагираше бидејќи немало исплата на средствата, а од страна на Советот веќе има донесена одлука мислејќи дека Советот ги исплатува тие средства. Советот е орган кој донесува одлуки, ама реализацијата, во случајов исплатата на средства врз основа на тие одлуки, е работа на општинската администрација и прашање на кое тие треба да дадат одговор.

Дејан Георгиевски рече дека извештајот е заклучно со 30.06.2022 година, а одлуките беа донесени после тој датум и не се реализирани, нема исплата по истите, а и да има во меѓувреме не се влезени во тој извештај. Друго, во врска со грејната сезона и трошоците за електрична енергија кои ги спомнал Иван Гоцевски, тој рече дека и во овој извештај има период на грејна сезона, од јануари до март, сега од октомври пак ќе почне грејна сезона, истакна тој.

Иван Гоцевски истакна дека од ако се собере процентот на реализација за потрошена струја во првиот и вториот квартал ќе се добие процент над 130% и јасно е дека мора да се прави ребаланс за таа ставка, и токму во таа насока била неговата дискусија. Тој постави прашање до образлагачот дали има Правилник со кој е утврдена намената на средствата што се слеваат во буџетот како приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, во износ од 226.259 денари?

Анка Христова рече дека капиталните расходи се реализираат на предлог на градоначалникот, додека тековно-оперативните се секогаш обврска на секторот за финансиски прашања.Што се однесува на прашањето за средствата од земјоделското земјиште таа рече тоа се приходи на општината под закуп на земјоделско земјиште и е решено со закон. 80% од вкупните приходи се приход на Општината. Сите средства кои се приход на Општината се трошат, реализираат на предлог на градоначалникот. Ние како сектор и како одделение сме должни да го спроведеме тоа, а предлозите се на градоначалникот, рече таа.

Иван Гоцевски побара аналитика на средствата потрошени за НВО и спортски клубови.

Гоце Попов побара писмен одговор на прашањето на кои спортски клубови се префрлени 100.000 денари и дали се со одлука на Совет и дали може да се префрлат средства на спортски клубови без одлука на Совет?

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“, воздржани-нема, Советот на Општина делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година.

Втора точка-Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци која рече дека на барање на ООУ „Ванчо Прке“ се предлага оваа одлука бидејќи брзаат со изведбата на покривот и фасадата. Имено се зголемува приходот на потставката 725922 – приходи од осигурување на имот и се распоредува на расходната потставка 482930-реконструкција на други објкти истиот износ од 769.738. Имено станува збор за средства кои училиштето ги добило од осигурителната компанија за оштетувањето на покривот во невремето во месец јуни.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали тие средства можат да бидат пренаменети за друга работа и дали Општина Делчево учествува со свои средства?

А.Христова рече дека средствата може да се пренаменат за други работи ако покривот е направен.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

Трета точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Правилниот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

Образлагач по точката беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која истакна дека со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот 0101-109/1 од 10.09.2021 година. Има неколку измени и тоа. Во делот 1.1.1 во член 6 став 1 зборовите „3 работни места кои ги извршуваат 3 административни службеници“ се заменуваат со зборовите „4 работни места кои ги извршуваат 4 административни службеници“. Потоа во делот Поебни услови во член 8 став 1 после алинеја 4 се додава нова алинеја која гласи:за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;-активно познавање на кокпјутерски програми за канц.работење, работно искуство за нивото В1 најмалку 3 години работно искуство во струката; активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ. Во делот 1.1.2 помошно-технички оддел во член 10 став 1 во делот помошно-технички лица за превоз и опрема, се брише работното место „возач“ со 1 извршител. Во делот II.2 во член 16 бројот на извршители се менува и гласи:ниво В3- воспитувачи -12 извршители, ниво В4-приправник 1

извршител итн. Сите измени се наведени во Правилникот кој ви е доставен со материјалое, повелете со прашања, истакна Б.Симовска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Оливера Ташевска која ја праша директорката дали станува збор за нови или постоечки работни места бидејќи некои се повторуваат.

Директорката истакна дека законот за административнислужбеници и законот за заштита на децата се предвидува унапредување во кариерата и градинката има законска обврска да ги направи тие измени, односно да го усогласи Правилникот со законските одредби.

Иван Гоцевски праша дали за сето тоа е финансиски издржливо, дали ќе има средства? Од кварталниот извештај се гледа дека заклучно со 30.06.2022 година од вкупно планираните 18.997.000 денари, се реализирани (потрошени) 8.561.284, дали Вие како директор сметате дека до крајот на годината ќе имате доволно средства?

Директорката рече дека за некои работни места веќе има обезбедени средства од страна на министерството, за другите градинката ќе поднесе барања до министерството и ќе очекува одговор. Верувам дека до крајот на годината нема да има никакви проблеми во тој дел, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 6 „ВОДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилниот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

**Четврта точка-Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Лејла Анакиевска-Командир на Полициска станица од општа надлежност која истакна дека овој извештај се поднесува согласно член 25 од Законот за полицијата. Во текот на првото полугодие од 2022 година, ПС од ОН Делчево својата работа ја оставарувала во услови на ковид-пандемијата, а општата состојба со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата се оценува како поволна. Во областа на криминалитетот регистрирани се 29 кривични дела, со ланскиот период лани ако се направи споредба тоа е намалување за -50,8% против 30 сторители. Од нив 18 се од областа на општиот криминалитет, кривични дела со елементи на насилство 4, семејно насилство 1, телесна повреда 1, лажно пријавување 1, неплаќање издршка 1, предизвокување општа опасност 1. Во овој извештаен период зголемен е бројот на поднесени кривични за 6 кривични дела 4 загрозување на безбедноста на сообраќајот и 2 тешки дела против безбедноста на имотот и луѓето во сообраќајот. Останатите се од областа на економскиот криминалитет и тоа 6. Од вкупно пријавените кривични дела 29 расчистени се 28, поднесени се соодветни кривични пријави, а за нерасветленото дело се уште се работи, се постапува до пронаоѓање на строрителот. На сите овие дела сторителите се 1 малолетник и 29

полнолетни. Од областа на економскиот криминал се регистрирани 6 кривични дела, 3 непочитување на здравствените прописи за време на пандемијата и 3 недозволена трговија со дрога и оружје. Состојбата со јавниот ред и мир се карактеризира со намалување на бројот на прекршоците за 5,8% во однос на истиот период лани, најголем дел се за физички напад -3, учество во тепачка-6, карање, викање и непристојно однесување-9, омаловажување на службено лице-3, уживање на нраркотични droги-1, фрлање и кршење на јавно место-2, лажно пријавување-3, присуство на малолетници во угостителски објекти -2, чување на куче без надзор-2 и др. Превентивно на сите јавни места има присуство на униформирани полициски службеници пред угостителските објекти, во централното градско подрачје и во реоните во градот и селата каде почесто доаѓа до нарушувања. Во областа на сообраќајот се случиле 16 сообраќајни незгоди, од кои 8 во населено место и 8 на регионален и локален пат. Од страна на граѓани по разни основи има пријавено 140 поплаки. Во делот на спроведените контроли, во овој извештаен период биле спроведени контроли за бесправната сеча на шумата и се одземени дрва од 2 лица. Регистрирани се 6 пожари, од кои 3 на приватен и 3 на општествен имот. Реализирани се мешовити полициски контроли во врска со превенцијата и спречувањето на пожарите на отворен простор, а исто така одржани се средби со претседатели на месни и урбани заедници и сопственици на угостителски објекти. Секојдневно е работено на превентивно делување на терен со поставување на полициски патроли пред двете основни и средното училиште, истакна Л.Анакиевска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој на почетокот и го честита мандатот на Лејла Анакиевска и и посака успешна работа. Тој рече дека рече дека има неколку прашања, поврзани со извештајот и тоа:
-Зошто сообраќајните знаци на повеќе локации во градот веќе извесно време се во хоризонтална состојба, односно на земја? Дали е надлежно МВР или Општина Делчево?
-За поставување на таканаречените легнати полицајци која е процедурата? Веќе подолго време намаме одговор на советничките прашања за поставување на легнати полицајци на ул. „Скопска“ и „Браќа Миладинови“?
-Дали МВР има надлежност за справувањето со кучињата скитници?
Лејла Анакиевска рече дека МВР не е надлежно за сообраќајните знаци, во зависност од тоа каде се поставени (дали на регионален или локален пат), надлежни се Македонија пат и Општина Делчево. Во врска со второто и третото прашање таа истакна дека и за легнатите полицајци и за кучињата скитници не е надлежно министерството. Доколку има пријава од граѓанин за некој проблем со кучињата, ние како МВР, го препраќаме до Општина Делчево, рече таа.

Тони Стаменковски рече дека од извештајпт се гледа дека во извештајниот период има намалување на бројот на кривични дела споредено со истиот период ланската година. Во изминативе 10 дена во Делчево се случија 2 тешки кривични дела, па би сакал да прашам до каде е постапката, има ли разрешница и дали не би било добро да се воведат патроли на таканаречените „позорникари“ кои беа редовна пракса пред повеќе години кои би патрорирале постојано по реоните и селата, параша тој.

Командирот на полициската станица од општа надлежност делчево истакна дека МВР работи и на двата случаја, едниот е веќе расветлен, има и сторител кој е идентификуван, а интензивно се работи и на расветлувањето на вториот случај. Во врска со прашањето или

прдлогот а советникот за позорникарите, таа истакна дека МВР планира во најскоро време да започнат да дејствуваат „пешачки патроли", но потенцира дека МВР се соочува со недостиг на кадар бидејќи е една ПС од ОН која ги покрива и делчево и М.Каменица.

Иван Гоцевски рече дека се ближи зимски период кога се стемнува порано, а од друга страна има рестрикција на осветлувањето. Дали МВР (ПС од ОН) е спремно за тој период, особено по реоните и селата?

Сунчица Ѓорѓиева како учесник во сообраќајот го истакна проблемот со земјоделските машини (трактори и друга приклучна механизација) кои се движат низ Централното градско подрачје, а многу често не се соодветно означени при што претставуваат потенцијална опасност за другите учесници во сообраќајот и за нив самите. Дали може некако да се реагира и дали МВР има надлежност во тој дел, праша таа.

Командирот на ПС од ОН Делчево рече дека МВР се труди со сите расположиви средства и ресурси, во рамките на своите надлежности да постапува и да реагира секаде каде има потреба и има проблем. Од Нова година па досега се одземени повеќе трактори и други земјоделски машини.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

**Петта точка-Годишен извештај за работа на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2021/2022 со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „ Св.Климент Охридски"-Делчево" која на почетокот ја истакна појдовната основа за изготвување на извештајот, при што истакна дека наставата и другите форми на воспитно-образовната работа во учебната 2021/22 година се реализирани врз основа на Законот за основно образование, Годишните планови и програми пропишани од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука, како и по Календарот на воспитно-образовната работа на основното училиште за учебната 2021/22 година, објавена во Службениот весник на Република Северна Македонија.

Годишниот извештај претставува документ кој содржи битни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на годишната програма за работа во учебната 2021/22 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците, учениците, родителите) во остварувањето на дејноста на училиштето. За голем дел информации на овој извештај училиштето располага со аналитички прилози (списоци на ученици, табели на реализирани активности и др). Во Извештајот квантитавно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела. Дадени се податоци за бројот на ученици и наставници, успехот на учениците, бројот на изостаноците, вонннаставните активности, реализираните и тековните проекти

**Шеста точка-Дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;**

Оваа точка ја образложи Горан Петровски кој истакна дека во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година бр. 09-2544/1 од 28.12.2021 година се врши следната дополна: Во поглавјето ,, **Урбанистички планови за град Делчево,,** по точката 25 се додава 1 нова точка и тоа:
– **точка 26** , која гласи:„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични централи на опфат К.П. бр. 4694/1 и К.П. бр.4694/2 КО Град, Општина Делчево“. Станува збор за приватна инвестиција, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе дополнување на **Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година.**

**Седма точка-Предлог-Одлука за заверка на Предлог-Детален урбанистички план донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2022 година;**

Оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека со оваа одлука се заверува Предлог детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2.1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево плански период 2015-3020 со површина од 3,035 ха донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2021 година на Советот на Општина Делчево на Советот на Општина Делчево. Со неа се овластува Преседателот на Советот на Општина Делчево да го потпише Урбанистичкиот план опишан во член 1 од оваа одлука.

Претседателот на Советот рече дека ќе се обиде да ја дообјасни оваа точка бидејќи станува збор за материја која му е позната. Постои ДУП донесен во 2021 година со одлука од страна на претходниот совет и со потпис од тогашниот претседател на Совет. Во тој ДУП има планирано тешка загадувачка индустрија. Побарана е измена на план за дооформување на парцели, сите советници треба да знаете дека денес не донесуваме нов план, тој веќе е донесен, рече тој.

Горан Петровски рече деа постапката за донесување на еден урбанистички план е доста сложена и трае подолг временски период. Овој план е донесен од страна на претходниот состав на Советот, но поради сложеноста на постапката и поради тоа што имало повеќе технички грешки и забелешки, биле правени корекции и се одолжила постапката. Истата точка била на дневен ред на претходната седница и не била донесена од страна на Советот, поминати се сите фази, а во меѓувреме се направени сите корекции и се исправени сите грешки и 7 примероци од планот се доставени до претседателот на Советот за потпис. Но, без оваа одлука претседателот на Советот не може да ги потпише плановите и затоа се предлага по вторпат.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и точката бече ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за заверка на Предлог-Детален урбанистички план донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2022 година.

**Осма точка-Дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево за 2022 година;**

Образлагач Андријана Соколовска-помлад соработник за уредување на градежно земјиште. Во врска со оваа точка таа истакна дека Со овој Предлог за дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево за 2022 год се дополнува член 16 во точка 1.„Самостоечки рекламни паноа и Информативни табли“(опфатени во графички прилог 1, 1а и 2) графичките прилози 1 и 2 се надополнуваат со нови локации со опфат прикажан на скицата ( графички прилог  на ул.„Булевар Македонија„ ул.„М.М.Брицо“ и ул.„Маршал Тито“ – Делчево и ќе бидат означени како графички прилог 1,1 и 2,1 ) .Рекламните паноа може да бидат прицврстени на објекти , метални столбови со светилки ( постоечки или новопоставени) и други објекти на кои може да бидат поставени рекламни паноа и информативни табли. Рекламните паноа и информативни табли да бидат : монтажно демонтажни, да не бидат прицврстени директно на столбовите со шрафење или варење, да бидат поставени на минимум 4,5 м над на ниво од коловозот или тротоар и да бидат со димензија максимум  0,9 м х 0,9 м. На еден столб може да имам најмногу 4 паноа или табли.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“-нема и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево јдонесе дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево за 2022 година.

Деветта точка-Предлог-Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Делчево;

Образлагач по оваа точка поднесе Милица Стојковска-Овластен службеник за млади од Општина Делчево, која истакна дека Младинскиот совет при Општина Делчево, како советодавно и претставничко тело за младински прашања и политики согласно законските одредби брои 5 членови кои имаат мандат од две години со право на уште еден избор. Мандатот на членовите на постоечкиот Локален младински совет при Општина Делчево се верифицираше со Одлука на претходниот Совет на Општина Делчево 09-1210/1 од 08.07.2021 година. Бидејќи во изминатиот период двајца членови поради лични причини не беа во можност за целосно вложување во работата на советот, истите си поднесоа оставка од функцијата член на Локален младински совет. Согласно тоа, Локалното собрание на млади на 19.08.2022 год. распиша Јавен повик за избор на двајца членови на Локален младински совет со број 08-1704/1 на кој можеа да се пријават младински организации, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои имаат активности на територијата на Општина Делчево под услов номинираните членови  да се жители на Општина Делчево и да се на возраст од 15 до 29 години. По завршувањето на јавниот повик, на седница на Собранието на млади беа разгледани поднесените пријави и за членови едногласно биле избрани и тоа:

1. Јована Стојановска, номинирана од Фолклорната група при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ Делчево и

2. Моника Стојанова, номинирана од ЛК СДММ Делчево

Мандатот на новоизбраните членови е до истекот на мандатот на Локалниот младински совет, односно до јули 2023 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Зекир Абдулов кој упати забелешка до одговорното лице на Локалнот младински совет во смисла дека треба да имаат посериозен пристап во работата и реалзирање на активности предвидени со Програмата бидејќи, за разлика од другите тела на нејој начин се привелигирани бидејќи имаат предвидено и одобрено од овој Совет буџет, односно средства за реализација на нивните активности. Забелешки тој имаше и во однос на Програмата, која според него е катастрофална, извештај за реализирани активности – нема, што и како работи овој Локален млдински совет-никој не знае, рече тој. Постојано гласаме на Совет членови, одобруваме програми, а на терен, ништо видливо, рече тој и замоли овие забелешки од страна на службеното лице (образлагачот) на точката да пренесе до одговорното лице на ЛМС.

Иван Гоцевски рече дека се согласува со излагањето на З.Абдулов и упати забелечка дека Унијата на млади сили на ВМРО ДПМНЕ реагирела дека не биле известени за повикот за избор на членови на ЛМС.

Милица Стојковска рече дека кога бил формиран младинскиот совет сите релевантни субјекти (меѓу нив и Унијата на малди сили на ВМРО ДПМНЕ) биле информирани, а исто така повикот бил јавен, го имало и на Огласната табла-Општина Длчево, на веб-страницата на Општина Делчево, како и на социјалните медиуми. Кристи Стојковски поранешниот член на Советот тогаш бил и претседателч на УМС и бил целосно информиран. За запознавање на советниците од нејзина страна детално беше објаснета постапката за формирањето на Младинскиот совет и изборот на членовите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 5 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Делчево.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024;**

Образложение по точките 10 и 11-11. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 и Предлог-Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 година даде Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Директорот истакна дека тој и двете точки ќе ги образложи заедно бидеќји се поврзани. Врз основа на Решение на Регулаторна комисија од 26.07.2021 година, УО на јКП донел одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024и за за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 година и со нив биле утрдени минималните цени утврдени во решението. На истите тие одлуки, Советот во овој состав има донесено долуки за согласност во 2021 година. Но, со почетокот на 2022 година, ситуацијата

во ЈКП драстично се променила и според финансискиот извештај за работењето на ЈКП, претпријатието во вториот квартал генерира загуба бидејќи факурираните расходи се поголеми од приходите. Ако се анализираат фактурираните месечни приходи и расходи ќе се види загуба од околку 3 милиони денари. Со новите цени на електричната енергија последната сметка на ЈКП изнесува 1.423 753 денари наспроти 255.115 за јули месец што значи, рече директорот, дека со ваквите сметки за струја негативниот финансиски резултат ќе се зголеми уште повеќе. Во месец август ЈКП фактурирало за вода 2.067.782 денари од кои се наплатува околу 1,9 мил., што значи дека со наплатените сметки за вода и одведување на урбани отпадни води може да се покријат само трошоците за електрична енергија и средствата и реагенсите за третирање на водата.ЈКП „Брегалница“ во изминатиот период ги свело на минимум сите расходи, но сепак генерира загуба, т.е негативен финансиски резултат. Единствено решение, за надминување на ваквата состојба е да се изврши корекција на цените на услугите што ги дава ЈКП „Брегалница“. За да не дојде до енормно зголемување на цените, предлог на ЈКП и УО е Советот да даде согласност на цените утврдени со Решение на Регулаторната комисија и одлуките донесени од страна на Советот во 2021 година и тоа:**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдувањена ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024** бр.0202-283/1 од 20.09.2022, донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница„-Делчево и тоа:

**за домаќинства за регулиран период 2022-2024**

-за 2022 година тарифата изнесува 37.13 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 39.53 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 40.69 денари/м3 (без ДДВ)

**за правни лица за регулиран период 2022-2024**

-за 2022 година тарифата изнесува 62.00 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 65.62 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 67.14 денари/м3 (без ДДВ)

за утврдување на тарифа за собирање и **одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 година** бр.0202-283/2 од 20.09.2022, донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница„-Делчево и тоа:

**за домаќинства за регулиран период 2022-2024**

-за 2022 година тарифата изнесува 13.09 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 13.82 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 14.06 денари/м3 (без ДДВ)

**за правни лица за регулиран период 2022-2024**

-за 2022 година тарифата изнесува 22.64 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 23.09 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 22.92 денари/м3 (без ДДВ)

Тоа би значеко обезбедување на дополнителни приходи над 580.000 денари (во случај на 100% наплата или загубата би се намалила за 540.000 ако се земе предвид прцентот на наплата кој е 93%). се со цел да не дојде јкп во ситуација да не може да ги сервисира своите обврски према добавувачите и вработените, Доколку оваа одлука не биде прифатена од страна на Советот, тогаш ЈКП ќе мора да поднесе ново барање до РЕК цо цел да ги заштити и интересита на вработените во смисла исплата на плати, како и интересита на граѓаните за испорачување на квалитетни услуги, а РЕК може да донесе решение со многу повисоки цени

за водата и канализацијата. И со ова покачување ЈКП ќе работи со загуба но се надева дека нема да дојде до презадолженост и состојба во која нема да може нормално да ги обавува своите дејности.

Претседателот отвори расправа по точката за збор се јави Срефанија Атанасова Јовановски која го праша директорот за колку денари вкупно ќе се зголеми цената на водата и канализацијата?

Директорот рече дека кај физичките лица цената на водата ќе се зголеми вкупно за 6,94%, а кај правните лица за 11,58%, додека цената на одведување на урбани и отпадни води кај физичките лица ќе се зголеми за 3,98%, а кај правните лица за 6,80%.

Стефанија Атанасова Јовановски рече дека намерно прашала за да граѓаните слушнат лично од директорот за колку ќе се зголемат цените и дека советничката група на СДСМ ќе ги поддржи овие 2 одлуки.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека во интерес на сите граѓани и ВМРО и СДСМ и сите други е да имаат и да пијат чиста вода и да добиваат квалитетни услуги.

Иван Гоцевски рече дека крајно време е директорот да почне да се занимава со загубите на вода што ги има јавното претпријатие отколку да губи енергија и објаснива дека се поскапува и електрична енергија и на други реагенси и на средствата за прочистување на вода. Делчево е една од ретките општини која се снабдува со вода за пиење од брана (Лошана) и не се троши многу електрична енергија за тоа за разлика од други општини. Треба да се обрати повеќе внимание на прибирање приходи од други извори, некогаш многу градежни работи и активности кои се одвиваа низ општината а инвеститор беше Општина Делчево, ги изведуваше ЈКП „Брегалница“. Да се обрати внимание на процесот на прочистување на водата, мислам дека се изведува рачно,а реагенсите се скапи, треба да се зголеми процентот на наплатата. За континуираната загуба и негативен финансиски резултат на ЈКП како резултат на недомаќинското работење на директорот, цената/казната ја плаќаат само граѓаните со чести поскапувања на услугите што ги дава ЈКП. Пет години слушаме за некаков инвестициски „ бум“ во ЈКП, а постојано се креира загуба. Не е коректно во услови на економска, инфлаторна и енергетска криза и нечие недомаќинско работење, да се покачуваат цените на водата за пиење и цената за одведувањето на урбаните и отпадни води. Да се најдат други можности рече тој и истакна дека од тие причини советничката група на ВМРО ДПМНЕ предлага овие две точки да бидат симнати од дневен ред и ги повика членовите на Советот од СДСМ и коалицијата да размислат добро како ќе гласаат за овие две точки. Сведоци сме дека и покрај тоа што беа покачени цените за одржување на паркови и зеленило, како и цените за одржување на градските гробишта, ниту граѓаните добиле поквалитетна услуга, ниту ЈКП ја анулирало загубата. Со еден збор ЈКП има многу пропусти во работењето, кои треба да најде начин и да си ги решат, најлесно е да се зголемат цените, ама тоа не е решение и не е коректно кон граѓаните, рече на крајот Иван Гоцевски.

Претседателот на Советот, Гоце Попов, се јави за збор и рече дека сака да знае како во другите општини каде локалната власт е на ВМРО ДПМНЕ советниците во советите од ВМРО ДПМНЕ ги бранат одлуките за покачување на цените на услугите на јавните претпријатија објаснувајќи го тоа со покачувањето на цената на електричната енергија и енергетската криза, а тука кај нас, обратна ситуација, се прави театар пред граѓаните. Да бидеме искрени, рече тој, понекогаш ќе се носат и тешки одлуки, кои не идат во прилог можеби на партиите од кои доаѓаме, ама мора да бидеме свесни дека енергетската и

економската криза се одразува негативно на се и на сите, како и работењето на јавните претпријатија во целата држава. Не треба да ги оставиме јавните претпријатија сами да го решаваат тој проблем, еве, ставете се на местото на директорот, тој сигурно не сака ЈКП да биде во ваква состојба, факт е дека има недостатоци во работењето на ЈКП и треба да си ги отстрани, но исто така е факт дека има енормно зголемување на трошоците за електрична енергија. Во образложениeто тој истакна дека и со покачувањето не го решава проблемот, но барем колку-толку ќе може да функционира претпријатието, доколку не се донесат одлуките, тие како ЈП ќе бидат приморани да поднесат ново брање до регулаторната комисија и тогаш има шанси да се донесе решение за повисоки цени. ЈП ќе стане ликвидно ама дали граѓаните ќе можат да плаќаат повисоки цени од предложените е прашање. Моментално ситуацијата е да се направи избор помеѓу две зла, или да се избере помалото зло, рече претседателот,

Иван Гоцевски во врска со дел од дискусијата на претседателот на Советот дека се прави „театар“ на седницата на Советот, истакна дека „театарот“ е јасен. Ова е Совет на Општина Делчево, рече тој, а не совет на сите совети во Македонија. Воопшто не ме интересира што се дискутира на седниците други совети. Точно е дека ЈКП не работи како што треба, доказ е негатитвниот финансиски резултат во континуитет, но од друга страна заради секојдневното покачување на цените на се и сешто, можно е многу граѓани да не можат да ги платат своите сметки, има луѓе коие се на работ на егзистенцијата. Што се однесува до тоа дека регулаторната комисија ќе донесе Решение со максимални суми, потенцирам, дека постапката не е баш таква каква што се обидел директорот да ја претстави/објасни, рече Иван Гоцевски.

Директорот на ЈКП „Брегалница“ рече дека советникот И.Гоцевски во своите дискусии кажува неточни и непроверени работи. Водата пред употреба се филтрира, кварцниот песок после многу години е набавен во доволни количини, сите резултати од испитувањата на водата се во ред. Што се однесува до процентот на наплата не бил повисок никогаш (се движи од 92 до 94%). Кога веќе зборува советникот, ЈКП да си ги прибира приходите, тој рече дека еден од неплаќачите на сметки за вода е и седиштето на неговата партија (ВМРО ДПМНЕ) кои имаат 33 неплатени сметки за вода заклучно со јули 2022 година. Исто така и имеѓу советниците има такви кои не ги плаќаат своите сметки за вода и комунални услуги. Што се однесува до неговата констатација дека ЈКП може да прибира приход и по друг основ, односно изведување на градежни работи за Општината од страна на ЈКП, тој рече дека и да е така регулаторната комисија нема да го цени, т.е. да го земе предвид тој приход, Во врска со загубата или негативното работење на ЈКП, тој рече дека јавна тајна е оти во последната година, година ипол ЈКП остварува негативен финансиски резултат, тоа не е тајна, но за 4 години од неговото именување успеал да го врати заостанатиот долг од 9 милиони денари и ЈКП немало загуба.

За збор се јави Иван Гоцевски кој истакна дека прво нема кажано дека кога бил Малешевски имало најголема наплата на приходи туку дека имало голема градежна експанзија, Второ вие кажувате дека ВМРО ДПМНЕ има 33 неплатени сметки за вода, ама кажете ја сумата за тие сметки, ја преувеличувате работата, постои договор склучен меѓу ЈКП и ВМРО,сумата е паушална, не е вистинската состојба и тие сметки ќе јги плати централата на ВМРО. Упорно истакнувате 33 неплатени сметки, а да ве прашам вака јавно, колкава е

сумата на неплатена вода на СДСМ? Дали можеме да добиеме одговор ако доставиме барање за инф од јавен карактер?

Директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево рече да поднесат барање и одговор ќе им достави.

Иван Гоцевски рече дека е точно оти граѓаните на Делчево пијат чиста вода благодарение на Лошана, некој ја направил браната и ние имаме еден таков благодет кој го немаат другите општини. Со неа стопанисувате вие, друго прашање е дали се грижите за неа како што треба, како треба да биде заштитена и  дали е заштитена. Што се моднесува до прочистувањето, тоа  е рачно, алуминиум улфатот е многу скап пшрешарат, знаеме дека е така. Поентата ми беше да се размисли да користат порационално тие средства за прочистување на водата и да се намалат расходите на ЈКП. Загубата може да се намали ама не  само ако се намалат расходите, туку треба намалување  на расходите, но и зголемување на приходи. Има повеќе фактори и индиции кои влијаат на тоа, а во врска со одлуките за покачување на цените ние сметаме дека не треба да се разговара на таа седница и затоа предложивме да се симнат од дневен ред. Но, ако сметате дека треба да ги „дозаколете“ граѓаните со новите цени, терајте, рече тој.

Процедурално реагиреше Кирил Тренчевски и апелираше до претседателот да интервенира да се користат соодветни термини и зборови во дискусиите.

Дејан Георгиевски рече дека секој треба да внимава какви зборови користи инаку ниедно покачување на цени не е добро и популарно ама ние не треба да размислуваме субјективно, треба да бидеме рационални и да носиме понекогаш и тешки одлуки како што рекол и претседателот. Обидот на директорот е да ја подобри финансиската состојба на ЈКП. ЈКП не врши само снабдување со вода, врши и други работи/дејности, а трошоците се зголемени и за гориво, за плати, не само за струја, има многу луѓе што работат таму и носат пари дома на своите семејства од ЈКП, треба да мислиме и на нив.

Реплика на излагањето на Дејан Георгиевски имаше  Иван Гоцевски кој рече дека точно дека ова е тешка одлука, најтешка е за тие што треба да плаќаат-граѓаните, мој заклучок од излагањата на сите е дека станува збор за многу чувствителни точки. Ние сме расправале на вонредни седници и за други точки, кои според мене не биле толку сентиментални, сме можеле на оваа тема да свикаме посебна седница, и со присуство на директорот и други лица транспарентно да се разговара на оваа тема.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека не гледа причина за свикување на посебна седница за тие две точки, биле доставени до него од страна на директорот во редовна постапка, седницата се пренесува во живо и тоа е транспарентно, поголема транспарентност од тоа не сме можеле да постигнеме, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ нема да учествува во гласањето по овие две точки и ќе ја напушти седницата. Останале на неа со цел да ги слушнат аргументите и од директорот и од другите советници, ако има уште некои дискусии ќе ги ислушаат и потоа пред гласањето ќе ја напуштат седницата, рече тој.

Претседателот на Советот, Гоце Попов, рече дека обично не невалегува во детали од дискусиите на своите колеги, но не му е јасно како во одреден период кога имало градежна експанзија во Делчево и тие градежни работи ги извршувало ЈКП, останал долг од 9 милиони денари, нешто нема логика?

Реагираше Иван Гоцевски кој рече дека се разговара за различни периоди, долгот може настанал пред или по тој период, ама цената на водата во тој период на градежнана експанзија била 19 денари, можете да побарате, ќе видите дека е така, рече тој.

Претседателот Гоце Попов рече дека не му е важна таа информација бидејќи во тој период сите производи и услуги имале други цени (струја, нафта и др.енергенси). Сите знаеме дека до лани и со пониските цени на своите услуги ЈКП остварувало профит, сега нешто се случува, работи исто ЈКП ама остваруваат негативен финансиски резлултат, факт е дека енормното покачување на цената на струјата и на горивото влијае во најголем процент на таа загуба. Еве и со сметките на домаќинствата е истата ситуација, ако Владата не помогне со субвенции, многу домаќинства ќе имаат проблем, ќе имаат сметки како што имаат јавните претпријатија. Во оваа ситуација, директорот предлага начин за ублажување на лошата финансиска состојба, ние имаме опција дали ќе го прифатиме или нема да го прифатиме неговиот предлог. Пред да ја напуштите седницата, сакам да ви кажам дека на претходното покачување на цената ако бевте присутни, можеби ќе бевте мнозинство, јас гласав воздржано, и сега не знаеме кој како ќе гласа, рече Гоце Попов.

Кирил Тренчевски имаше реплика до Иван Гоцевки и рече дека долгот од 9 милиони денари е точно од времето на таа градежна експанзија.

Иван Гоцевски имаше забелешка до претседателот на Советот во смисла дека не е коректно да се дискутира за тоа кој како гласал или ќе гласа, не е коректно од ваша страна кон советниците . Исто така и во Вашето излагање има нелогичности-пред малку не беше во ред итноста на колегата за иницијативата за изработка на физибилити студија за формирање на ЈП за производство на струја, а сега кажувате дека заради високите сметки за струја, ЈКП креира загуба.

Кирил Тренчевски реплика на Иван Гоцевски- ако зборуваме за нелогичности и вие не го гласавте дневниот ред, а сега некои точки ги гласате.

Иван Гоцесвки истакна дека нивно право е која како ќе гласа, а конкретно за овие 2 точки имаме став и нема да гласаме, нема ни да присуствуваме на чинот на гласање. Го оставаме тоа на вас.

За збор се јави Тони Стаменковски кој истакна дека и со изгласување на овие две одлуки, ЈКП ќе креира загуба, само 1 сметка е 1.430.000 денари, 5 сметки се 7 милиони, тоа е многу висока сума, што и да се прави и гасење пумпи и др.рестрикции, е залудно, Затоа беше поднесена иницијативата која не доби мнозинство гласови.

Дејан Георгиевски рече дека советниците имаат 2 опции или да ја изгласаат одлуката или да се спасат од одговорноста да ги оптоварат граѓаните и да не ја донесат одлуката. Не

треаба да лицитираме со бројки, исто така има и трета опција, Регулаторната комисија да донесе ново решение за цените на водата, рече тој.

Зекир Абдулов рече дека чувствува потреба да се произнесе по оваа точка бидејќи во некој контекст била спомата заедницата на која тој припаѓа и истакна дека е точно ти Ромската заедница ќе биде погодена со тие цени, но тоа е така многу години наназад, секаде, не само тука, иако има семејства кои нема да можат да ги поднесат тие цени, има и семејства кои ќе можат да си ги платат своите сметки. Како резултат на енергетската криза ќе бидат покачени многу производи и услуги. За социјалните категории има сет мерки донесени од страна на Владата и ќе можат да го ублажат тоа покачување,Она што е поважно е дали тој како претставник на Ромите ќе ги поддржи овие 2 одлуки. Факт е дека врз основа на оваа криза цената на водата треба да биде покачена и оваа криза негативно се одразува на сите-сите имаме покачени сметки и за струја, ќе имаме и за вода-тоа не се однесува само на една заедница или една категорија граѓани, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека во сите дискусии не слушнал некој предлог за подобрување на финансиската ситуација на ЈКП, освен дека треба да се покачи цената на водата.

Директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево истакна дека ова нема да биде драстично покачување, пример ако едно 4 члено семејство троши 10м3 вода, сметката ќе биде повисока за 110 денари/месечно. Не е кректно да се прикажуваат нештата нереално дека има мрши во водите на Лошана, лешеви и слично, нема рачно третирање на водата, водата што се третира е под притисок и не е можно тоа што го кажува Иван, рече тој.

Бидејќи никој друг несе јавуваше за збор, расправата беше затворена.

Пред да биде ставена 10.точка на гласање,советничката група на ВМРО ДПМНЕ ја напушти седницата.

Претседателот ја стави 10.точка на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024;

На гласање беше ставена и Предлог-Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 година;

Со 8 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 година;

**Дванаесетта точка- Предлог-Решение за избор на чен на Комисијата за јавни дејности;**

Образложение поднесе Гоце Попов-претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата, кој истакна дека на местото на поранешниот член на Советот од Левица, Сања Николовска, во оваа Комисија се предлага Тони Стаменковски.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, истата беше донесена

**Тринаесетта точка- Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата;**

Образложение поднесе Гоце Попов-претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата, кој истакна дека на местото на поранешниот член на Советот од Левица, Сања Николовска, во оваа Комисија се предлага Тони Стаменковски.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, истата беше донесена.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата;**

Образложение и по оваа точка поднесе Гоце Попов-претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата, кој истакна дека на местото на поранешниот член на Советот од Левица, Сања Николовска, се предлага Тони Стаменковски.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, истата беше донесена.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Жикица Стоилова;**

Точката ја образложи претседателот на Советот кој рече до Советот има поднесено Барање од Жикица Стоилова мајка на Матеј Стоилов детенце со ретка болест, состојбата на ова семејство е позната на сите и затоа предложи Советот да донесе одлука за 10.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

За збор се јави Т.Стаменковски кој рече дека навистона ова семејство е во тешка материјална состојба и би било добро да се помегоне на било кој начин, на пример да се отвори број за донации, да се плати некоја сметка за вода, струја и слично, бидејќи навистина им е потребна поголема сума на средства.

Претседателот на Советот рече дека не би било добро да се изнесуваат други детали за семејството и нивната материјална состојба. Семејството го знаеме сите, рече тој, факт е дека повеќе години детето е по болници, лекарствата се скапи, имаше и операција, затоа , во рамкте на можностите на Советот и Општината, се предлага таа сума (10.000 денари), не е висока, но сепак е сума која може да се исплати. Донесувана е одлука и минатите години од страна на Советот.

Кирил Тренчевски рече да се фокусираат советниците на дискусијата и барањето за парична помош, да не се навлегува без потреба во други анализи и детали.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Жикица Стоилова.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиски средства на Викторија Десподова од Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Гоце Попов-претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата.

17.Предлог-Одлука за кофинансирање и давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Делчево за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно Договорот за заем од Европската инвестициона банка.

**Образлагач**: Тони Вангеловски-Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

**Осумнаесетта точка- Прашања и предлози на членови на Совет.**

Стефанија Атанасова Јовановски, до Сектор за урбанизам

1.Кога ќе се санира прекопот на асфалтот на спојувањето на ул. „Орце Николов“ и „19 Октомври“ во Ново Делчево настанат при отстранување на дефект на вододводната линија?

Зекир Абдулов, предлог до директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево

1.Многу граѓани реагираат дека ЈКП „Брегалница“-Делчево наплатува застарени долгови за неплатени сметки за вода и др.комунални услуги (дури и од 2004) и ги условува граѓаните со плаќање на тие сметки кога има смртен случај во семејството. Согласно Законот за облигациони односи, сметките застаруваат после една година. Во случајот сметката е 17-18 години и во тој период ЈКП имало безброј начини да преземе соодветни мерки и да си го наплати долгот. Не е хумано да се условуваат граѓаните со плаќање на застарени долгови и со потпишување на нови договори за да биде погребано покојно лице. Како член на Советот апелирам и го замолувам ЈКП „Брегалница“ благовремено да си презема мерки за наплата на своите долгови и да не ги става граѓаните пред свршен чин кога има смртен случај и лицето треба да биде погребано, тоа не е во ред.

2.Зошто во населбата Ново Делчево сметот не се собира редовно (согласно утврдената динамика и распоред еднаш во неделата) туку се случува еднаш или двапати месечно, наместо 4 пати?

Тони Стаменковски, прашање до Градоначалникот

1.Зошто се уште немам одговор на советничкото прашање кое е доставено до Градоначалникот на 09.09.2022 година, а кое се однесува на ископите направени во Централното градско подрачје и надвор од него за поставување на електричен кабел, а се

уште ненаправената санација. Ископите се во близина на училиштата и претставуваат потенцијална опасност и за учениците и за граѓаните. Прашањето е следно:

- Дали фирмата изведувач доставила рок за завршување и санација на ископите?
- Дали во Одобрението за градба издадени од Општина Делчево се наведени роковите, дали истите се испочитувани и зошто соодветните надлежни инспекциски служби не реагирале по пријави на граѓани со соодветна пријава до фирамата изведувач за непочитување на роковите?
- Ако има пропусти во работата на инспекциските служби во Општина Делчево дали ќе има санкции и казни за неодговорно работење?

<u>Предлог до Градоначалникот и општинската администрација</u>
Сите раководители на Сектори и одделенија, да ни помагаат во работата на членовите на Советот бидејќи ниа како членови на Совет имаме право да го бараме тоа што е предвидено во членовите 26 и 27 од Деловникот:

Член 26

Заради обезбедување на услови за вршење на функцијата член на Совет, општинската администрација и органите на управување на јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, на членовите на Советот:
- им укажуваат стручна помош во изработувањето на предлозите што тие му ги поднесуваат на Советот, односно комисиите, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што им ги доверил Советот, односно работното тело;
- им обезбедуваат дополнителна документација која им е потребна за нивната работа;
- им даваат стручни објаснeнија и појаснувања за проблемите на кои тие работат;
- се грижат за обезбедување на технички услови за нивната работа.

Член 27

Членовите на Советот имаат право да ги користат просториите, библиотеката и документацијата на Општината, за извршување на нивните права и должности.

<u>Иван Гоцевски, предлог и прашање до Градоначалникот на Општина Делчево</u>
1.Зошто Градоначалникот на Општина Делчево не присуствува на седниците на Советот на Општина Делчево за што има и право и должност?
2.Поради фактот што веќе извесен период уличното осветлување во градот е скратено за 2 часа, дали ќе бидат намалени сметките на граѓаните, односно дали ќе има корекција на сметките бидејќи реално граѓаните добиваат намалена услуга?
3.Дали и кога Општина Делчево ќе побара од Општина Берово да ја преземе целокупната документација за Разловечкото востание која се наоѓа во Локалниот музеј во Берово, или барем да направи копија на таа документација бидејќи Разловечкото востание е најзначајниот настан од нашата историја кое се случило во с.Разловци кое е во нашата општина?

<u>Гоце Попов, до Градоначалникот и Секторот за финансиски прашања</u>

1.Веќе 9 месеци во оваа 2022 година Советот на Општина Делчево активно работи, одржани се 10 седници на Совет, членовите на Советот учествуваат и во работата на комисиите, а не е исплатен ниту еден надоместок. Зошто не се исплатува надоместокот на членовите на Советот за присуство на седници кој законски ги следува?
2.На кои спортски клубови се исплатени 100.000 денари заклучно со вториот квартал за извршувањето на буџетот и по кој основ ( дали со одлуки на Совет, бидејќи Советот и покрај тоа што донесе одлуки за некои спортски клубови се уште нема исплата)?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 14.седница на Советот на Општина Делчево, заврши со работа во 18.00 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов